# КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# П Р А В И Л Н И К

**за работа на комесарите за натпревари и комесарите за безбедност на Карате федерацијата на Македонија**

**Скопје,Февруари 2012 год**

Врз основа на член 37 став 1 алинеја 5 од Статутот на Карате федерацијата на Македонија, Извршниот одбор на својата седница одржана на 26.02.2012 година го донесе следниот

# П Р А В И Л Н И К

## за работата на комесарите за натпревари и комесарите за безбедност на Карате федерацијата на Македонија

### 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат и уредуваат составот, изборот и делокругот на работа,начинот и постапката во работата на комесарите за натпревари и комесарите за безбедност на Карате федерацијата на Македонија, правата, должностите и начинот на делегирање на комесар на натпреварот и комесар за безбедност на натпревар во организација на КФМ и на нејзините членки (клубови).

**Член 2**

Комесарите се стручни лица на КФМ со идивидуални права и одговорности пред Извршниот одбор на КФМ.

**Член 3**

Комесарот работи во согласност со Статутот и другите акти на Карате федерацијата и се грижи за нивната правилна примена во текот на натпреварите.

**Член 4**

Лицата за комесари за натпревари и комесари за безбедност и нивниот број со посебна одлука ги одредува и ги избира Извршниот одбор на КФМ, на предлог на координаторот на комесарите.

**Член 5**

Извршниот одбор на КФМ со посебна одлука избира координатор за сите комесари кои воедно е и комесар за натпревари.

**Член 6**

Комесарите се состануваат по потреба, а најмалку еднаш на три месеци. Седниците на комесарите ги свикува координаторот на комесарите, а може да се свикаат и по барање на претседателот на КФМ.

На седниците се води записник за работата и во записникот се внесуваат заклучоците и ставовите на комесарите донесени на состанокот.

**Член 7**

Мандатот на кординаторот на комесарите трае 4 години при што истиот може да биде разрешен и пред истекот на мандатот во колку за тоа одлучи ИО на КФМ, врз основа на неизвршување на дадената доверба од страна на ИО на КФМ.

**Член 8**

Мандатот на комесарите трае 1 година при што истите можат да бидат разрешени и пред истекот на мандатот по предлог на кординаторот во колку за тоа одлучи Извршниот одбор на КФМ, заради: непочитување на одлуките донесени на седниците од член 6 од овој Правилник, неизвршување на задачите, навремено неподнесување или пак не прикажување вистината во дадениот извештај.

**Член 9**

Знакот на комесарите за натпревари и знакот на комесарите за безбедност на Карате федерацијата на Македонија со посебна одлука ги одредува Извршниот одбор на КФМ.

## 2. ИЗБОР НА КОМЕСАРИ ЗА НАТПРЕВАР

**Член 10**

Комесарите за реализација на натпревари ги избира ИврШниот одбор на Карате федерација на Македонија според следните критериуми:

1. Да го познава системот на натпреварите на WKF, EKF, BKF и КФМ,
2. Да ги познава добро сите нормативни акти на КФМ,
3. Да има долгогодишна активност во Карате федерацијата на Македонија,
4. Да е државјанин на Република Македонија,

## 3. ИЗБОР НА КОМЕСАРИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ

**Член 11**

Комесарите за безбедност на натпревари ги избира Извршниот одбор на Карате федерацијата на Македонија според следните критериуми:

1. Да има познавање за организација на работите на обезбедување,
2. Да е запознат со законот за јавни собири и законот за обезбедување,
3. Да е запознат со нормативните акти на КФМ,
4. Да е државјанин на Република Македонија.

**Член 12**

Лицата кој се одбрани да ја вршат функцијата комесар на натпревари и комесар за безбедност не можат да бидат делегирани за судии на натпревари.

**Член 13**

Со сите натпревари во организација на КФМ или на карате клубовите нејзини членки, раководи исклучиво комесарот за натпревари на кого задолжително му помагаат : комесарот за безбедност, врховниот судија, техничкиот раководител и одговорното лице на техничкиот организатор.

## 4. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА КОМЕСАРОТ ЗА НАТПРЕВАРИ

**Член 14**

Комесарот на сите натпревари на кои се делегира во функција комесар, да биде во пропишана униформа и да се однесува совесно и одговорно врз основа на овој правилник и сите други нормативни акти и прописи на КФМ и со ништо да не го загрозува угледот на карате спортот и на Карате федерацијата на Македонија.

**Член 15**

Униформата на комесарот треба да биде: темно сино сако, сиви панталони, бела кошула, темно сина вратоврска, едно бојни сини или црни чорапи и црни чевли.

**Член 16**

Комесарот е должен за време на натпреварот лично да ги поседува сите нормативните акти и одлуки на КФМ и сите одлуки што тој ќе ги донесе мора да бидат засновани на овие акти и одлуки.

**Член 17**

Комесарот на натпреварот и комесарот за безбедност се грижи за спроведување на сите одредби од овој Правилник и истите непосредно ги применува за време и после натпреварот.

**Член 18**

Комесарот на натпревари е должен да го прегледа теренот за одржување на натпревар најмалку два часа пред почеток на натпреварот, организацијата и условите за нормално одвивање на натпреварот и заедно со одговорно лице од техничкиот организатор да ги превзема сите потребни мерки со цел да ги отстрани евентуалните

неправилности и недостатоци и по нивното отстранување во писмена форма го одобрува одржувањето на натпреварот, а својата одлука ја доставува на техничкиот организатор.

**Член 19**

Ако организаторот на натпреварот не ги задоволува пропишаните и останати важечки правила и прописи или задоцни со почетокот на натпреварот, а другите екипи се присутни на натпревари или кога комесарот ќе дојде до констатација дека постојат извесни пропусти кои може да предизвикаат материјална повреда на правилото, комесарот ќе одреди максимално време од 30 минути за кое техничкиот организатор е обврзан да ја доведе состојбата во нормален тек, согласно пропишаните правила.

**Член 20**

Ако и после даденото укажување на ова време натпреварот не може да започне, комесарот истиот ќе го одложи и на техничкиот организатор ќе му издаде решение, со кое ќе му наложи да ги подмири сите материјално финансиски обврски кон учесниците на содветното натпреварување.

**Член 21**

Во случај кога организацијата на натпреварот и другите елементи незадоволуваат, согласно одредбите на овие правила, комесарот е овластен да го прекине натпреварот или да го забрани неговото одржување, а против одговорните лица – прекршителите и техничкиот организатор предложи до Дисциплинската комисија изрекување дисциплинска мерка – забрана за организирање на натпревари или вршење на било каква функција во карате спортот во траење од една до најмного две години.

**Член 22**

Комесарот на натпреварот може да го одложи натпреварот и во овие случаи:

- поради временски неприлики,
- ако во дадена ситуација денот се совпаѓа со прогласен ден на жалост,
- во случај кога тоа не го дозволуваат надлежните државни институции,
- поради учеството на државните репрезентативци на значајни меѓународни натпревари,
- кога во истиот термин се одржуваат меѓународни активности, каде учеството на карате судиите и натпреварувачите е од поголем интерес за КФМ.

**Член 23**

За одложување на натпреварот, комесарот во соработка со претседателот на натпреварувачка комисија и организаторот треба на време да ги извести клубовите и учесниците.

## 5. ЖАЛБИ

**Член 24**

Сите жалби во смисла на непочитување или прекршување на правилата на КФМ, а поврзани со реализацијата на системот на натпревари ги поднесува исклучиво акредитираниот тренер на натпреварувачот или екипата, во писмена и образложена форма и ги предава на комесарот на натпреварот со уплатена котизација во висина на една судиска такса.

**Член 25**

Сите жалби по било кој основ задолжително се доставуваат до Комесарот на натпреварот. Комесарот за натреварот ги решава во прв степен само жалбите по прашања предвидени во Правилникот за натпревари.

Второстепено сите жалби ги решава ИО на КФМ .

**Член 26**

Поднесената жалба во поглед на телесната тежина на натпреварувачот упатен до комесарот на натпреварот истиот е должен веднаш да изврши контрола на телесната тежина на обжалениот натпреварувач во присуство на подносителот на жалбата, председателот на натпреварувачката комисија и тројца судии одредени од главниот судија

**Член 27**

Во случај кога ќе утврди дека телесната тежина на обжалениот натпреварувач не одговара на телесната тежина во категоријата во која натпреварувачот се натпреварува и истото записнички ќе го констатира со потврдени потписи од лицата наведени во претходниот член, на натпреварувачот ќе му изрече дициплинска мерка забрана за настап на натпреварот и дотогашните резултати ќе му се поништат.

## 6. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА КОМЕСАРОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ

**Член 28**

Комесарот за безбедност за време на натпреварот за сите свои акции и превземени мерки го известува и ги кординира со комесарот на натпреварот.

**Член 29**

Комесарот за безбедност должен е да провери дали од страна на организаторот на натпреварот во запазениот рок согласно Законот за јавни собири натпреварот е пријавен во органите за внатрешни работи на Република Македонија т.е. подрачната единица на МВР во местото каде што се одржува натпреварот.

**Член 30**

Комесарот за безбедност е должен минимум два часа пред почетокот на натпреварот да одржи договорен (консултативен) состанок со сите структури-чинители за безбедно одржување на натпреварот каде ќе бидат запознаени со планот и мерките за безбедност.

**Член 31**

Комесарот за безбедност заедно со другите учесници пред почетокот на натпреварот, односно пред влезот на посетителите, заедно со стручните служби соодветно опремени и обучени потребно е да изврши проверка на салата и просториите заради утврдувањена предусловите за успешно одржување на натпреварот.

**Член 32**

Комесарот за безбедност ако примети недостатоци во врска со безбедноста за одржување на натпреварот, го известува комесарот на натпреварот кој е должен да издаде налог за благовремено одстранување на сите недостатоци до отпочнување на натпреварот.

**Член 33**

Во текот на натпреварот да биде во контакт со одговорното лице од МВР и одговорното лице кој ги координира редарите ангажирани од агенцијата за обезбедување.

**Член 34**

Комесарот за безбедност освен за натпревари може да биде задолжен од страна на кординаторот да се грижи и за безбедноста на состаноците на Извршниот одбор, Собранието и други манифестации ако за тоа има потреба и ако тоа се побара од претседателот на КФМ или Извршниот Одбор.

**Член 35**

Комесарот за безбедност извештај од одржаниот натпревар му доставува на комесарот на натпреварот во рок од три дена, кој заедно со својот извештај го доставува до кординаторот на комесарите и Извршниот одбор на КФМ најдоцна пет дена по одржаната активност.

## 5. ОДРЕДУВАЊЕ КОМЕСАР НА НАТПРЕВАР И КОМЕСАР ЗА БЕЗБЕДНОСТ

**Член 36**

Комесар на натпревар и комесар за безбедност за сите официјални натпревари во организација на КФМ или на нејзините клубови одредува координаторот на комесарите од листата на изабраните комесари од страна на ИО на Карате федерацијата на Македонија.

**Член 37**

Името на одредениот комесар за конкретно натпреварување кординаторот на комесарите ја доставува до комисијата за натпревари и канцеларијата на Карате федерацијата на Македонија најмалку три дена пред одржувањето на натпреварот.

**Член 38**

Координаторот на комесарите е должен по електронска пошта или телефонски да го извести делегираниот комесар најмалку седум дена пред одржување на натпреварот.

**Член 39**

Известието задолжително треба да содржи : вид на натпреварот; ден, место и време на одржување на натпреварот; спортска сала каде ќе се одржи натпреварот.

**Член 40**

Делегираниот комесар на натпревар и комесарот за безбедност должни се да бидат присутни најмалку два часа пред почетокот на натпреварот на местото за одржувањето на истиот, и да контактираат со одговорното лице одреден од техничкиот организатор.

**Член 41**

Доколку делегираниот комесар на натпревар или пак комесарот за безбедност од било која причина не се во можност да присуствуваат на натпреварот за кој што се делегирани, должни се да го откажаат своето присуство по електронска пошта или телефонски во канцеларијата на Карате федерацијата на Македонија и кај координаторот на комесарите во што е можно покус временски рок. Во тој случај координаторот на комесарите ќе делегира друг комесар.

**Член 42**

Доколку делегираниот комесар не го откаже своето присуство во канцеларијата на КФМ или кај координаторот на комесарите на време, координаторот на комесарите ќе му предложи на ИО на КФМ да го разгледа неговиот случај со предлог за разрешување од функцијата комесар на натпревари или комесар за безбедност.

**Чле 43**

Комесарот за безбедност е должен да достави писмен извештај до комесарот на натпреварот во рок од три дена.

**Член 44**

Комесарот на натпреварот во рок од седум дена по завршувањето на натпреварот е должен да достави во писмема форма извештај заедно со извештајот на

комесарот за безбедност за одржаниот натпревар до Извршниот одбор и до кординаторот на комесарите. Доколку комесарот на натпреварот не ја исполни обврската од претходниот став, односно не поднесува извештај во предвидениот рок против него ќе биде покренета диациплинска одговорност.

**Член 45**

**Извештајот на комесарот на натпреварот мора да ги содржи следните податоци:**

- Вид на натпревар,
- Место и дата на одржување на натпреварот,
- Техничкиот организатор,
- Техничкиот раководител,
- Извештајот на Комесарот за безбедност со неговиот потпис,
- Име на агенцијата што била ангажирана за обезбедување на натпреварот,
- Име и презиме на врховниот судија и на судиите контролори,
- Бројот на учесниците,
- Услови за одржување на натпреварот,
- Останати забелешки во врска со натпреварот, судењето и обезбедувањето.
- Констатацијата на Комесарот,
- Потпис на Комесарот.

**Член 46**

На секој комесар за извршената комесарска функција на натпреварот на кој што е делегиран му припаѓа паричен надоместок. Во надоместокот спаѓаат : патни и дневни трошоци и комесарска такса.

**Член 47**

Висината на патните, дневните трошоци и комесарската такса со посебна одлука ја утврдува Извршниот одбор на Карате федерацијата на Македонија.

## 7. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 48**

Толкување на одредбите од овој правилник дава Комесарот на натпреварот за време на денот на натпреварот и Извршниот одбор на Карате федерацијата на Македонија.

**Член 49**

Измени и дополнување на овој правилник се вршат на начин и постапка како за негово донесување.

**Член 50**

Овој правилник стапува во сила со денот на негово донесување.

Скопје 26.02.2012 год.

Претседател на КФМ

___________________

Драган Стојановски